# КАМПАЊА ЗА СОЛИДАРНОСТ И ПОДДРШКА ЗА ЛУЃЕТО ШТО ЖИВЕАТ СО ХИВ


***Заедно посилни***
група за поддршка на лицата
што живеат со ХИВ во Македонија

Дебарца 56 - 4, 1000 Скопје тел.: 02/3290395 факс: 02/2556002 e-mail: zaedno.posilni@hera.org.mk


## СВЕТСКИ ДЕН ПРОТИВ СИДА – 1 ДЕКЕМВРИ, 2012 ГОДИНА

**- краток извештај и полугодишен пресек на искористените средства -**

**Групата за поддршка на лицата што живеат со ХИВ во Македонија - „Заедно посилни“**, за прв пат предводеше организирање на кампања по повод Светскиот ден против СИДА под мотото ***Солидарност и поддршка за лицата што живеат со ХИВ***. Кампањата имаше цел да ги поддржи напорите на луѓето со ХИВ против стигмата и дискриминацијата, а воедно беше насочена кон поттикнување на социјалната одговорност во врска со овој здравствен и социјален проблем, бидејќи ХИВ ги засега сите. Поставувајќи го секому прашањето „Што ако ти беше ХИВ+?“, таа настојуваше да поттикне на размислување и поголемо информирање на целата јавност. Нејзини специфични цели беа:

- Да се подигне јавната свесност и да се поттикне социјалната одговорност во врска со ХИВ во Македонија
- Да се допринесе кон елиминирање на стигмата и дискриминацијата кон луѓето што живеат со ХИВ преку поттикнување поголемо внимание на јавноста на ова прашање и поголема дискусија околу реалноста на живеењето со ХИВ во Република Македонија







## Главни елементи на кампањата по повод Светскиот ден против СИДА 2012

- Донаторски концерт на оперски арии со истакнати солисти и првенци на Македонската опера како централен настан
- Радио-спот во кој настапи Каролина Гочева како заштитно лице, а се емитуваше во текот на 10 дена на радио Метрополис, City радио, Antenna5 Radio Network, Радио Буба Мара и Радио МОФ
- Официјален постер на 19 билборд-локации во Скопје
- 20 објави на официјалниот постер на половина или четвртина страна во колор во весниците Дневник, Утрински, Вест, Нова Македонија и Теа Модерна
- Повеќе директни разговори на телевизија и радио
- Две официјални прес-конференции (на 26 и на 30 ноември)

Централен настан на кампањата беше донаторскиот концерт на оперски арии организиран во **партнерство со Македонската опера и балет,** на **1 декември 2012 год.** со **почеток во 20:00 часот**, на кој настапија солисти на македонската опера, меѓу кои и неколкумина реномирани првенци. . Партнерството со МОБ во организирањето на овој настан продолжи веќе втора година.

Концертот и кампањата беа поддржани од **Претседателот на Република Македонија, г-дин Ѓорге Иванов,** како и од агенциите на **Обединетите нации** во Македонија. Заштитно лице беше ѕвездата **Каролина Гочева**. Генерални партнери беа Македонската опера и балет, Програмата за развој на ОН (UNDP), Akzent Media, Национален координативен механизам за Глобалниот фонд во Македонија, Авалон продукција, додека медиумски покровители - Нова Македонија, Дневник, Утрински, Вест, Теа Модерна, Metropolis Radio Network, City radio, Antenna5 Radio Network, Радио Буба Мара и Радио МОФ. Организирана со почетен буџет од само 3.050 евра, кампањата за 1 Декември обезбеди спонзорства во вредност од над 12.000 евра, поддршка од 24 компании, 2 државни институции, 2 амбасади, 5 агенции на ОН, 5 невладини организации и 55 граѓани кои купија билет за концертот. Собрани беа **вкупно 202.900,00 денари** евра како помош за социјално загрозените лица со ХИВ.



Донација можеше да се направи со купување на билет по предложена цена од 500 денари (при што заинтересираните можеа да донираат и повеќе) за индивидуални граѓани и предложена сума од 1500 денари за институции, организации и компании.

## Краток преглед на кампањата за солидарност и поддршка

Почетен буџет за организација на главните настани (обезбеден од УНДП): 2,450 евра

Дополнително финансирање од Националниот координативен механизам за грантовите за ХИВ и туберкулоза од Глобалниот фонд: 600 евра

**Вкупна вредност на спонзорства и донации (без билети): 12,210 евра**

- медиумско спонзорство во печатени медиуми: 5,550 евра
- проценета вредност на медиумско спонзорство на 5 радио станици: 2,550 евра
- проценета вредност на спонзорство во вид на билборди: 3,800 евра
- вредност на останати донации во добра и услуги: 310 евра

**Средства собрани преку продажба на карти за концертот: 3,307 евра** (202.900,00 денари)

*Погорните цифри не ја вклучуваат најголемата поединечна донација од страна на Македонската опера и балет, како генерален партнер во кампањата.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

Како што беше и најавено, средствата собрани од продажбата на билети за концертот се користат за обезбедување скромна месечна материјална помош за лицата со ХИВ-инфекција кои живеат под линијата на сиромаштија во текот на 2013 година почнувајќи од месец јануари. Помошта се обезбедува во вид на ваучери за набавка на основни хигиенско-диететски прозиводи, според индивидуалните потреби. Дополнително, средствата служат како фонд за покривање на итни здравствени потреби, во случаи кога определена услуга е неопходна, а сè уште не е обезбедена во рамките на здравствениот систем или е нужно да се обезбеди брзо.

Средствата од концертот се надополнети со фондот кој веќе неколку години наназад ХЕРА го обезбедува преку Меѓународната федерација за планирано родителство во рамките на проектот за подобрување на социјалните услуги за луѓето со ХИВ во Македонија.

Бројот на приматели на оваа социјална помош од јануари до јуни 2013 година се движеше од 19 до 21 лице. Изборот на примателите се врши од страна на социјалниот работник на Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје во согласност со посебен Правилник, врз основа на материјалната состојба на лицето и неговото семејство. Социјалните ваучери им се доделуваат на примателите преку Дневниот центар за третман, грижа и поддршка на лицата со ХИВ при Клиниката. Меѓу примателите на социјалната помош се наоѓаат и две деца со ХИВ-инфекција.





Средствата од двата извора во првите шест месеци беа користени на следниот начин:

| | | Средства од продажба на билети<br>202.900,00 денари | | Дополнителни средства од ХЕРА – МФПР:<br>156.240,00 денари | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Месец** | **Број на корисници** | **Износ на ваучер** | **Вкупно потрошено** | **Износ на ваучер** | **Вкупно потрошено** |
| Јануари | 20 | 1.000,00 ден | 20.000,00 | / | / |
| Февруари | 19 | 1.000, 00 ден | 19.000,00 | / | / |
| Март | 19 | 500,00 ден | 9.500,00 | 1.500,00 ден | 28.500,00 |
| Април | 19 | 500,00 ден | 9.500.00 | 1.500,00 ден | 28.500,00 |
| Мај | 21 | 500,00 ден | 10.500,00 | 500,00 ден | 10.500,00 |
| Јуни | 21 | 1.000,00 ден | 21.000,00 | 500,00 ден | 10.500,00 |
| | | **Вкупно:** | **89.500,00** | **Вкупно:** | **78.000,00** |

Покрај социјалните ваучери, беше направена бескаматна позајмица од **24.420,00 денари** на едно лице со ХИВ кое е со напредна имунодефициенција и сериозна белодробна габична инфекција. Позајмицата е направена за да може лицето да ги набави потребните лекови сè додека не заврши постапката за нивно рефундирање од страна на Фондот за здравствено осигурување. Со тоа се овозможи непрекинат третман за ретка опортунистичка инфекција кај моментално највозрасниот пациент со ХИВ во Македонија.

## БЛАГОДАРНОСТ


**„Заедно посилни“ им искажува благодарност од срце на сите поддржувачи кои несебично ја помогнаа оваа активност со средства, услуги, како и со својата морална поддршка.**

**Генерални партнери**

**Македонска опера и балет**
**Програма за развој на ОН** (UNDP)
**Akzent Media**
**Национален координативен механизам** за Глобалниот фонд во Македонија
**ХЕРА**
**Авалон продукција**

**Поддржувачи**

**Претседател на Република Македонија**
**Тематска група на ОН за ХИВ/СИДА**
**Каролина Гочева** (заштитно лице)

**Медиумски покровители**

**Нова Македонија**
**Дневник**
**Утрински**
**Вест**
**Теа Модерна**
**Metropolis Radio Network**
**City radio**
**Antenna5 Radio Network**
**Радио Буба Мара**
**Радио МОФ**

**Соработници**

**Медикофармација - GILEAD**
**Винарија Стоби**
**LT 978 GRAPHIC DESIGN STUDIO**

**Донатори и спонзори**

***Институции и организации***

**Министерство за здравство на РМ – Проектна единица за туберкулоза**
**Хотел Арка**
**Црвен крст на РМ**
**Гранд Торнтон**
**Хотел City Park**
**Нехар Травел**
**Смарт солушн**
**БДО Македонија**
**Хотел Тимс**
**Time To Travel**
**Орион Веб**
**ХОПС**
**Медиа Принт Македонија**
**Хотел Континентал**

***Како и вработените во:***

**Амбасада на Народна Република Кина**
**Амбасада на Швајцарија**
**UNDP**
**UNFPA**
**UNICEF**
**UNWOMEN**
**Светска здравствена организација**
**Министерство за здравство на РМ – Проектна единица за ХИВ/СИДА**
**Апекс Фор**
**Македонска авторска агенција**
**ХЕРА**
**ЕГАЛ**
**Коалиција ‘Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници’**